# Известување ИСОС 31.01.2020

Во интерес на деблокирање на процесите во надлежност на Институтот на сметководители и овластени сметководители, Министерството за финансии презеде иницијативи и одржа неколку работни состаноци со претставници на ИСОС, Комората на сметководители на Македонија при Сојузот на стопански комори, Сојузот на сметководители на РМ, Стопанската комора на Македонија, како и кабинетот на Претседателот на Владата на РСМ.

Од одржаните три состаноци (13 декември 2019 година, 24 јануари 2020 година и 31 јануари 2020 година), работната група ги дефинираше следните активности што престојат:

- За 20 февруари 2020 година (четврток), Министерот за финансии да свика седница на собрание на ИСОС, согласно со членот 8 став 5 од Законот за вршење на сметководствени работи, на која што седница ќе се одлучи за распишување на избори за:
    - нови членови на Собранието на ИСОС и
    - нови членови на Надзорен одбор
- Процесот на избори ќе го следи посебна Комисија која што ќе се формира од  Собранието на ИСОС.